**Прв промотивен настан на Фондот за иновации и технолошки развој**

***„Можности за финансирање на иновативни проекти на старт-ап и спин-оф компании“***

| Агенда | |
|---|---|
| **02.03.2014 (понеделник)**<br>**Локација: Салон 19,19** | |
| 09:30 – 10:00 | Регистрација на учесници |
| 10:00 – 10:30 | **Улогата на Фондот за иновации и технолошки развој во поттикнување на иновациите**<br><br>**Прв повик за кофинансирани грантови за „старт-ап“, „спин-оф“ трговски друштва и иновации**<br>- Јасмина Поповска, директор на Фондот |
| 10:30 – 11:15 | **Успешна комерцијализација на истражувачки резултати – Што е потребно да се претвори добар изум во успешна иновација?**<br>- Dr Peter Mogyorosi (Унгарија) |
| 11:15 – 11:30 | **Прашања од публика** |
| ***11:30 – 12:00*** | ***Кафе пауза*** |
| **Иновациски приказни од регионот – Презентации и интерактивна дискусија** | |
| 12:00 – 12:15 | **Искуството во поддршка и развој на иновациски проекти во Србија**<br>- Наталија Сандиќ, претставник на Фондот за иновации на Србија |
| 12:15 – 13:00 | **Мојата иновациска приказна**<br>Презентации на српски претприемачи кои со помош на државни грантови ги развиле своите иновативни идеи<br>- Иван Глигоријевиќ, компанија *mBrainTrain*<br>- Марјан Благојевиќ, компанија *Sentronis* |
| 13:00 – 13:30 | **Панел дискусија со учесниците за различните аспекти на развојот на иновации** |
| ***13:30 – 13:45*** | **Прашања од публика и затворање на настанот** |
| ***13:45 – 14:30*** | ***Коктел*** |

*Настанот е организиран со поддршка на Град Скопје*

## Говорници



**Д-р Петар Моѓуроши**

*Советник за јакнење на капацитетите на ФИТР*

Д-р Моѓуроши има експертиза во областа на управување со иновации, соработка меѓу индустријата и истражувачката дејност, како и севкупниот трансфер на технологија и развој на проекти за меѓународни клиенти. Автор е на повеќе од 25 меѓународни научни публикации и 6 нови публикации од полето на управување со иновации. Во последните 20 години работи како надворешен консултант на многу проекти за Европската унија, НАТО и Обединетите нации.

---

**Наталија Сандиќ, Фонд за иновациска дејност на Србија**

*Самостоен стручен советник*

Фондот за иновациска дејност на Србија е формиран во 2011 година со основна цел финансирање на програми кои придонесуваат за развој на повеќе иновативни активности, а особено воспоставување на нови и зајакнување на постојните бизниси, подобро позиционирање на српските иновативни компании и привлекување на странски директни инвестиции во истражувањето и науката.

---

**Иван Глигоријевиќ, mBrainTrain**

*Ко-основач на компанијата и менаџер на проектот „Smarting" – EEG Walks you Home*

MBrainTrain има развиено пренослив безжичен систем кој во комбинација со паметни телефони се користи како помагало во neuro-feedback тренинзи, како и во невро-рехабилитација во процесот на лекување на разни невролошки заболувања. Во текот на имплементацијата на проектот, компанијата активно соработувала со истражувачите на Одделенијата за биомедицински инженеринг низ Европа, што резултираше со продажба на бета верзијата на уредот на универзитети во Белгија, Германија и Србија.

www.mbraintrain.com

---

**Марјан Благојевиќ, Sentronis**

*Директор на компанијата, проект „Development and Commercialization of Clip-Around DC/AC Current Transducers"*

Sentronis е компанија со седиште во Ниш која се занимава со развој на иновативни решенија во областа на електротехниката. Активно соработува со швајцарскиот партнер компанија "Senis АГ" и развива нова серија на струјни конвертори со висока прецизност, кои се применуваат во процесите на тестирање и мерење на еднонасочна и наизменична струја. Користејќи ја силната меѓународна мрежа на партнери, компанијата планира својот нов производ, кој е наменет за голем број на индустрии и клиенти, да го пласира на глобалниот пазар.

www.sentronis.rs